# Број 6
# 04.07.2024 година

Службен гласник на општина Делчево

Уредува

Излегува по потреба

Одделение за правни и општи работи

ЈУЛИ 2024

1.Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл. Весник на РМ“ бр.5/02), а во согласност со Упатството за аплицирање во рамки на (Повик 1) во рамките на Територијалната стратегија на програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија- Северна Македонија 2021-2027, Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“, Советот на општина Делчево на својата 36-та седница одржана на ден  28 .06. 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за поддршка на проект по во рамките на Територијалната стратегија на програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија- Северна Македонија 2021- 2027, Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“**

Член 1

Со оваа Одлука се дава поддршка за развој и спроведување на проект по програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија- Северна Македонија 2021- 2027, Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“ грант средства обезбедени од ЕУ.

Член 2

Проектот **„Интегрирани прекугранични туристички акции во Благоевградско-делчевскиот регион“** е партнерски проект со Здружение „Регионален центар за застапување“, општина Благоевград, ЕТ „Здравка Чимева – Алфатур“,од Република Бугарија, и се однесува на изградба на скејт парк во Делчево и Регулација на коритото на река Брегалница во централното градско подрачје на град Делчево од стационажа 0+000м до стационажа 0+300 м.  (Специфична цел 1.2 „Развој на атрактивен туристички производ за сите сезони со помош на паметни решенија кои обезбедуваат универзален пристап и учество“).

Член 3

Општина Делчево како партнер во проектот ќе ги обезбеди неопходните ресурси: човечки, финансиски и технички за развој и спроведување на овој проект согласно националното законодавство и барањата и условите во Програмата Interreg VI-A ИПА Бугарија - Северна Македонија 2021- 2027.

Член 4

Општина Делчево се обврзува дека целокупната инфраструктура и опрема која ќе биде изградена и набавена како резултат на проектот од член 2 ќе биде искористена за целите и намената на проектот без никаков надомест најмалку 5 (пет) години после завршувањето на проектот.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од  денот на објавување во „Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09-946/1
28.06. 2024
Делчево

Совет на општина Делчево
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

2. Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/02), , член 27 став 8 и член 63 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ( Службен весник на Република Македонија бр 32/20) и Прирачникот за начинот на водење на постапката за изготвување и одобрување на урбанистички проект со план за парцелација ( бр.24-6836/1 од 15,10,2021) , Советот на Општина Делчево на 36.седница одржана на 28.06.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за донесување на на Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 2.02 и ГП 2.03 со намена А1.1 – домување во куки , според Извод од ДУП Урбан блок ,,Пролет 3'' КО Делчево, Општина Делчево т.бр. 01-01/24 од јуни 2024 г- ( ДУП Урбан блок ,,Пролет 3'' КО Делчево, Општина донесен со одлука на совет бр.07-773 од 04,07,2005 г ). Изработувач на Урбанистичкиот проект е Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје Лиценца бр.95 издадена на 14.02.2017 г.**

Член 1

Со оваа одлука се донесува План за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 2.02 и ГП 2.03 со намена А1.1- домување во куки, според Извод од ДУП Урбан блок ,,Пролет 3'' КО Делчево, Општина Делчево т.бр. 01-01/24 од јуни 2024 г- ( ДУП Урбан блок ,,Пролет 3'' КО Делчево, Општина донесен со одлука на совет бр.07-773 од 04,07,2005 г ) Изработувач на Урбанистичкиот проект е Друштво за трговија, производство, градежништво, услуги и консалтинг ЧИП ГРОУП ДООЕЛ увоз-извоз Скопје Лиценца бр.95 издадена на 14.02.2017 г.

Член 2

Со Планот за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 2.02 и ГП 2.03 со намена А1.1- домување во куки , според Извод од ДУП Урбан блок ,,Пролет 3'' КО Делчево, Општина Делчево т.бр. 01-01/24 од јуни 2024 г- ( ДУП Урбан блок ,,Пролет 3'' КО Делчево, Општина донесен со одлука на совет бр.07-773 од 04,07,2005 г ) се формира една градежна парцела г.п. 2,02 составена од гп. Бр. 2.02 и гп.бр. 2.03 . Промената се врши со цел да се формира една градежна парцела со ист сопственик со намена А1 – домување во куќи.

Член 3

Границата,површините и сите податоци се даде на планскиот опфат е дадена во План за парцелација од Урбанистичкиот проект со план за парцелација на ГП 2.02 и ГП 2.03 со намена А1.1- домување во куки, според Извод од ДУП Урбан блок ,,Пролет 3'' КО Делчево, Општина Делчево т.бр. 01-01/24 од јуни 2024 г.

Член 4

Одлуката за донесување е составен дел на ДУП Урбан блок ,,Пролет 3'' КО Делчево, Општина донесен со одлука на совет бр.07-773 од 04,07,2005 г задолжително се прикачува во електронска форма во информацискиот систем е-урбанизам од страна на донесувачот на планот .

Член 5

Донесувачот на Урбанистичкиот проект е должен примерок од донесениот Урбанистички план во електронска форма да го објави на својата веб страна.

Член 6

Ова одлука стапува во сила осмиот ден од објавувањето во службен гласник на општина Делчево.

Бр.09-947/1
28.06.2024

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,

Делчево Гоце Попов,с.р.

**3.** Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20-а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36. редовна седница, одржана на ден 01.07. 2024 година , донесе

ЗАКЛУЧОК
**За недавање согласност на Годишен план за вработување**
**на “ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево за 2025 година**

1. Советот на Општина Делчево не дава согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Св.Климент Охридски“ Делчево за 2025 година бр.04-242/1 од 11.06.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 948/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.07.2024 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

4.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ 5/2002),а согласно барањето на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево бр.03-235/1 од 07.06.2024 година и наш број 09-сл од 07.06.2024 година и Одлука бр.01-230/1 од 06.06.2024 година, Советот на Општина Делчево на продолжението на 36.седница, одржана на ден 01.07. 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Статутарната одлука за имена и дополнување на**
**Статутот на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Статутарната одлука бр. 01-230/1 од 06.06.2024 година за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево донесена од страна на Училиштниот одбор на на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Бр.09- 949 /1
01.07.2024
Делчево

СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
Претседател,
Гоце Попов,с.р.

5.

Врз основа на член 53 став и 7 од Законот за основното образование- („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и „Сл.весник на РСМ“ 161/19 и 229/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36.редовна седница, одржана на ден 01.07.2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање на согласносот за формирање на паралелки со помал број на ученици на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**

Член 1

Се дава согласност за формирање на **чисти паралелки** од 1 до 9 одделние, **со помалку од 20 ученици** на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево во учебната 2024/25 година, дадени во ***Преглед 1*** и тоа:

- **Во ООУ„Св.Климент Охридски“-Делчево**, **Централно Општинско Училиште (ЦОУ)** се формираат по 3 (три) паралелки во I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII и IX одделние, односно вкупно **27 (дваесет и седум)** паралелки од I до IX одделение;
- Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево,**Подрачно училиште (ПУ) с.Разловци** се формира по 1(една) паралелка во I,IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение или вкупно **7 (седум) паралелки.**
- **Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, Подрачно училиште (ПУ) с.Тработивиште се** формира по 1 (една) паралелка во I, IV, V, VI, VII, VIII и IX, **или вкупно 7 (седум) паралелки од I до IX одделение;**
- Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с.Град** се формира по 1 (една) паралелка во I, IV, V, VI, VII, VIII и IX одделение, или вкупно **7 (седум) паралелки.**

Член 2

Се дава согласност за формирање на чисти паралелки за ученици со **посебни потреби**, од 7-9 одделение **со помалку од 10 ученици** во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево во учебната 2024/25 година, дадени во ***Преглед 1-А*** и тоа:

- **Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево**, Централно Општинско Училиште(ЦОУ) се формираат по 1 (една) паралелка во IX одделение, односно вкупно 1 **(една)** паралелки од I до IX одделение;

Член 3

Се дава согласност за формирање на **комбинирани паралелки**, **од 1-5 одделение** , во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево во учебната 2024/25 година,дадени во ***Преглед 2*** и тоа:

-Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с.Разловци 1 (една) комбинирана паралелка во II и** III **одделение** со 4 ученици, **односно вкупно 1 комбинирана паралелка со 4 ученици.**

- Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, **Подрачно училиште (ПУ) с. Тработивиште** се формира 1 (една) комбинирана паралелка во II и III одделение со 5 ученици, **односно вкупно 1 комбинирана паралелка со 5 ученици.**

- Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево, Подрачно училиште(ПУ) **с.Град се формира 1 (една) комбинирана паралелка во II и** III **одделение** со 3 ученици.

- **Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево,** Подрачно училиште(ПУ) **с.Вирче** се формира една комбинирана паралелка се формира 1 (една) комбинирана паралелка во I, III и V одделение, **односно вкупно 1 паралелка со 3 ученици.**

- **Во ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево,** Подрачно училиште(ПУ) **с.Стамер** се формира една комбинирана паралелка се формира 1 (една) комбинирана паралелка во II и III одделение со 2 ученици, и една комбинираа паралелка со IV и V одделение со 4 ученици, **односно вкупно 2 паралелки со 6 ученици.**

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. Гласник на Општина
Делчево“.

**Број 09- 950/1** | **Совет на општина Делчево**
**01.07.2024 год.** | **Претседател**
**Делчево** | **Гоце Попов,с.р.**

6. Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Сл. весник на РМ” бр.5/2002),член 21 став 1 и 2 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост (“Службен весник на РМ”бр. 78/15, 106/15,153/15,190/16, и 21/18), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36. редовна седница, одржано на ден 01.07. 2024 година, донесе

**ОДЛУКА**
**давање на користење и управување**
**објект сопственост на ОпштинаДелчево**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Делчево го дава на користење и управување без надоместок, објектот бр.1, (Стара детска градинка) на ООУ „Св.Климент Охридски“-Делчево.

Објектот е сопственост на Општина Делчево и истиот се наоѓа на ул.„Методи Митевски-Брицо“ бр.36 во Делчево.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09- 951/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

01.07.2024 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

7.Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ 5/2002),а согласно барањето на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево бр.02-179/1 од 14.06.2024 година и наш број 09-сл од 14.06.2024 година и Одлука бр.02-165/1 од 06.06.2024 година, Советот на Општина Делчево на продолжението на 36.седница, одржано на ден 01.07. 2024 година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност на Статутарната одлука за имена и дополнување на
Статутот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност на Статутарната одлука бр. 02-165/1 од 06.06.2024 година за измена и дополнување на Статутот на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево донесена од страна на Училиштниот одбор на на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево.

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Бр.09- 952/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2024 Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

8. Врз основа на член 36 став 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр.5/2002), член 20 -а и 20- б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/14, 27/16, 35/18,198/2018 и „Сл.весник на РСМ“ бр.143/19 и 14/20 , а согласно член 32 од Законот за административните службеници (Службен весник на Република Македонија“ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 275/2019, 14/20 и 215/21) ),Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36. редовна седница, одржано на ден 01.07. 2024 година , донесе

ЗАКЛУЧОК
За недавање согласност на Годишен план за вработување
на “ООУ „Ванчо Прке“-Делчево за 2025 година

1. Советот на Општина Делчево не дава согласност на Годишниот план за вработување на ООУ „Ванчо Прке“ Делчево за 2025 година бр.01-172/1 од 12.06.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 953 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

9. Врз основа на член 53 став и 7 од Законот за основното образование- („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/2008; 33/2010; 116/2010; 156/2010; 18/2011; 42/2011, 51/2011; 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016,67/2017 и „Сл.весник на РСМ“ 161/19 и 229/20), член 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 22 став 1 точка 35 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019, 1/2021), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36.седница, одржано на ден 01.07.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за давање согласност на ООУ „Ванчо Прке“-Делчево
за формирање паралелки со помал
број на ученици

Член 1

Заради намален број на ученици запишани во ООУ „Ванчо Прке“ Делчево, во учебната 2024-2025, Советот на Општина Делчево дава согласност за формирање на пареелки со помал број на ученици од законски утврдениот и тоа:

| Основно училиште | Паралелки | Број на ученици |
|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | I 1 | 16 |
| | I 2 | 16 |
| | I 3 | 16 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | II 1 | 13 |
| | II 2 | 13 |
| | II 3 | 19 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | III 1 | 16 |
| | III2 | 18 |
| | III 3 | 9 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | IV 1 | 12 |
| | IV 2 | 11 |
| | IV 3 | 21 |

| | | |
|---|---|---|
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | V 1 | 14 |
| | V 2 | 15 |
| | V 3 | 14 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VI 1 | 13 |
| | VI 2 | 13 |
| | VI 3 | 13 |
| | VI 4 | 12 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VII 1 | 13 |
| | VII 2 | 16 |
| | VII 3 | 15 |
| | VII 4 | 14 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | VIII 1 | 13 |
| | VIII 2 | 14 |
| | VIII 3 | 9 |
| | VIII 4 | 8 |
| ООУ „Ванчо Прке“-Делчево | IX 1 | 18 |
| | IX 2 | 13 |
| | IX 3 | 17 |
| | IX 4 | 9 |
| ПУ „Ванчо Прке“ - Ѕвегор | I | 3 |
| | II | 0 |
| | III | 1 |
| | IV | 4 |
| | V | 2 |
| ПУ Ванчо Прке – Габрово | I | 3 |
| | II | 0 |
| | III | 0 |

| | | |
|---|---|---|
| | IV | 2 |
| | V | 0 |

Член 2

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево".

**Бр.09-954 / 1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.07. 2024 год.** — **Претседател,**
**Д е л ч е в о** — **Гоце Попов ,с.р.**

10.
Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр. 5/2002) И член 22 од Статутот на Општина Делчево (Службен гласник на општина Делчево- бр.15/13, 2/19 и 1/21) согласно договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, Советот на Општина Делчево на продолжението на 36.редовна седница, оддржана на ден 01.07.2024, донесе

**ОДЛУКА**

**За определување на приоритет за проектот**

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за приоритет на Проектот за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, склучен помеѓу Република Северна Македонија и Меѓународната банка за обнова и развој за проектот:

**1. Регулација на коритото на река Брегалница во централното подрачје на град Делчево низводно од регулираното корито во должина од 500.32m – Општина Делчево**

Член 2

Утврдувањето на овој проект е направен врз основа на приоретизација на стратешки проекти од областа на водоснабдувањето и одведувањето на отпадните води во Општина Делчево во рамки на годишните и развојните програми на Општина Делчево.

Член 3

Се задолжува Одделението за локален економски развој на општина Делчево за спроведување на оваа Одлука.

Член 4

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани води во Општината Делчево од донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Службен гласник на општина Делчево.

**Бр. 09 – 955 /1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**01.07.2024 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов ,с.р.**

11. Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), член 15 точка 4, член 22 став 1 точка 46 и член 42 точка 4 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на Општина Делчево број15/13, 2/19 и 1/21, Советот на Општина Делчево на продолжението на 36.седница одржана на ден 01.07.2024 година, донесе

# О Д Л У К А
## за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант

согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот **Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022)** и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 4.08.2023),

меѓу Општина Делчево и

Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Делчево за потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина Делчево и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

Член 2

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Делчево, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) меѓу Општина Делчево и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

Член 3

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево”.

Бр. 09 –956/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

01.07.2024 година Претседател,

Делчево Гоце Попов, с.р.

12. Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002) и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен гласник на општина Делчево“ 15/13, 2/19 и 1/21), согласно договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, Советот на Општина Делчево на продолжението на 36. седница оддржана на ден 01.07.2024, донесе

**ОДЛУКА**

**За сопствено учевство и одобрување на финансиски средства на Општина Делчево за реализација на проектот „Регулација на коритото на река Брегалница во централното подрачје на град Делчево низводно од регулираното корито во должина од 500.32m – Општина Делчево“**

Член 1

Советот на Општина Делчево дава согласност за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Делчево во реализација на горенаведениот проект доколку се јави потреба за истите.

Член 2

Општина Делчево ќе учествува во Проектот со вкупен износ кој ќе ја претставува разликата помеѓу доделените средства кои Општина Делчево ги има добиено согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за распределба на средствата согласно договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија и вкупниот износ на финансиски средства потребни за реализација на горенаведените проекти, а кој износ ќе биде утврден по завршување на постапката за јавна набавка и склучување на договор.

Член 3

Средствата од член 2 на оваа Одлука ќе бидат обезбедени и исплатени од Буџетот на Општина Делчево.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Делчево“.

Бр. 09 – 957/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

01.07.2024 година Претседател,

Делчево Гоце Попов ,с.р.

**13.** Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на РМ” бр. 5/02), и член 22 од Статутот на Општина Делчево („Службен Гласник на Општина Делчево” бр. 15/2013,2/2019 и 1/2021), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36.седница, одржано на ден 01.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Локална стратегија за млади на Општина Делчево 2024-2027**

**Член 1**

Со оваа Одлука се усвојува Локалната стратегија за млади на Општина Делчево 2024-2027.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила осмиот ден од денот на објавување во„ Службен гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 958/1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.

**14.** Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36. редовна седница, одржана на ден 01.07.2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
**за усвојување на Кварталниот извештај**
**за извршувањето на Буџетот на општина Делчево**
**за периодот 01.01.2024 до 31.03.2024**

1. Се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на општина Делчево за периодот 01.01.2024 до 31.03.2024.

2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 959 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07. 2024 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

15.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите ("Сл.весник на РМ" бр.64/2005, 04/2008, 103/08, 156/09, 95/10, 180/11, 171/12, 192/15, 167/16 и "Сл.весник на РСМ" 151/21), Советот на Општина Делчево на продолжението на триесет и шестата седница одржана на ден 01.07.2024 година, донесе

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево
## За 2024 година

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Делчево за 2024 година на следниот начин:

| Потпрограма Потставка | | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки :** | | | | | |
| 723111 | целодневна и претшколска грижа | 650.000 | 0 | 0 | 0 |
| 741114 | Пренесен вишок на Приходи од претходната година | 0 | 4.913.130 | 0 | 0 |
| 742119 | Други општи и тековни донации | 0 | 0 | 1.390.311 | 0 |
| | | **650.000** | **4.913.130** | **1.390.311** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потставки :** | | | | | |
| **K10** | **БИБЛИОТЕКАРСТВО** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 0 | 10.000 | 0 | 0 |
| 421320 | Телефон и телефакс | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 4.837 | 0 | 0 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 421120 | Водовод и канализација | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 234.000 | 0 | 0 |
| 425760 | Превозни услуги во образованието | 0 | 351.000 | 0 | 0 |
| 464940 | Трансфери при пензионирање | 0 | 130.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 174.773 | 0 | 0 |
| 485710 | Книги за библиотеки и учебници | 0 | 5.000 | 0 | 0 |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | | | | |
| 423990 | Други материјали | 0 | 20.620 | 0 | 0 |
| 424510 | Одржување на зелени површини околу згради | 0 | 58.000 | 0 | 0 |
| 425310 | Правни услуги | 0 | 60.000 | 0 | 0 |
| 425360 | Плаќање на судски такси | 0 | 20.000 | 0 | 0 |
| 425420 | Примарна здравствена заштита | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 425980 | Надзор над одржување на изградбата | 0 | 70.000 | 0 | 0 |
| 425990 | Други договорни услуги | 0 | 40.000 | 0 | 0 |
| 426410 | Објавување на огласи | 0 | 30.000 | 0 | 0 |
| 464910 | Плаќање по судски решенија | 0 | 150.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 0 | 50.000 | 1.390.311 | 0 |
| 480140 | Купување на информатичка и видео опрема | 0 | 300.000 | 0 | 0 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | 0 | 2.100.000 | 0 | 0 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 421110 | Електрична енергија | 100.000 | 100.000 | 0 | 0 |
| 421240 | Течни горива | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 423410 | Прехранбени продукти и пијалаци | 0 | 200.000 | 0 | 0 |
| 423620 | Училишни материјали | 100.000 | 0 | 0 | 0 |
| 424210 | Одржување на згради | 100.000 | 200.000 | 0 | 0 |
| 426990 | Други оперативни расходи | 0 | 100.000 | 0 | 0 |
| 464990 | Други трансфери | 350.000 | 100.000 | 0 | 0 |
| 480150 | Купување на кујнска опрема | 0 | 179.900 | 0 | 0 |
| | | **650.000** | **4.913.130** | **1.390.311** | **0** |

Бр.09-960/1
01.07.2024

Претседател на Совет на Општина Делчево

Гоце Попов

**16.** Врз основа на член 36 став од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002), и Барање број 09-893 од 14.06.2024 година, а согласно член 145 од Деловникот, Советот на Општина Делчево, на продолжението на 36. редовна седница, одржана на ден 01.07.2024 година, донесе

ЗАКЛУЧОК

Во врска со Барање број 09-893 од 14.06.2024 година

1.Во врска со Барањето на Советничката група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Обнова за Македонија бр. број 09-893 од 14.06.2024 година, Градоначалникот на Општина Делчево да го задолжи Одделението за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности и сообраќај да провери дали за месноста Калиште во с.Град има услови за поставување на крст, односно дали постои урбанистичка документација, проект и одобрение за градба.

2. Одделението за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности и сообраќај при Општина Делчево да го извести Советот на Општина Делчево во врска со фактичката состојба и условите за поставување на крст и осветлување на истиот.

3. Заклучокот да се достави до:
-Градоначалник на Општина Делчево,
- Одделението за урбанизам, заштита на ЖС, комунални дејности и сообраќај
-Совет на Општина Делчево
-Советничка група на ВМРО ДПМНЕ и Коалицијата Обнова за Македонија

4.Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 962 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07. 2024 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

**17.** Врз основа на член 28 став 2 од Законот за средно образование (“Сл.весник на РМ“44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015, 145/2015, 30/2016, 127/2016, 67/2017, 64/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/2020), Советот на Општина Делчево, на продолжение на 36.седница, одржана на ден 01.07.2024 година, донесе,

ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА
За давање согласност на СОУ „М.М.Брицо“-Делчево
за формирање на паралелки со помал број на ученици

Член 1

Заради намален број на ученици запишани во СОУ Методи Митевски Брицо Делчево, во учебната 2024-2025, од Советот на Општина Делчево се бара согласност за формирање на паределки со помал број на ученици од законски утврдениот број согласно член 28 став 2 од Законот за средно образование и тоа:

| Образование/образовен профил | Година | паралелка | Број на ученици |
|---|---|---|---|

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Гимназиско образование -** | I | I-1, I-2, I-3 , I-4 | 52 |
| **Стручно образование** -текстилно-кожарска струка техничар за изработка на облека-(дуална паралелка) | I | I-5 | 1 |
| **Стручно образование** **-хемиско-технолошка** струка-прехранбен техничар (дуална паралелка) | I | I-6 | 8 |
| ВКУПНО | **6** | | **61** |
| **Гимназиско образование** | | | |
| **Гимназиско образование/** Природно-математичко подрачје комбинација А | II | II-1 | 19 |
| **Гимназиско образование/** Природно-математичко подрачје комбинација Б | II | II-2 | 15 |
| **Гимназиско образование /** Природно-математичко подрачје комбинација Б/општествено-хуманистчко подрачје комбинација А/комбинирана паралелка | II | II-3 | 13 |
| **Гимназиско** образование/Општествено-хуманистичко подрачје комбинција А | II | II-4 | 14 |
| **Стручно образование**/текстилно-кожарска струка-техничар за изработка на облека**/дуална паралелка** | II | II-5 | 12 |
| **Стручно образование**/текстилно-кожарска струка-техничар за изработка на облека**/дуална паралелка** | II | II-6 | 17 |
| ВКУПНО | **6** | | **90** |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација А | III | III-1 | 8 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација А | III | III-2 | 15 |
| **Гимназиско образование** | III | III-3 | 20 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Природно-математичко подрачје комбинација Б/ Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А/комбинирана паралелка | | | |
| **Гимназиско образование/** Општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | III | III-4 | 12 |
| **Стручно образование/** хемиско технолошка струка-прехранбен техничар за изработка на облека/ хемиско-технолошка струка/прехранбен техничар/**комбинирана паралелка** | III | III-5<br><br>ВКУПНО 5 | 14<br><br>ВКУПНО 69 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација А | IV | IV-1 | 15 |
| **Гимназиско образование** Природно-математичко подрачје комбинација А | IV | IV-2 | 17 |
| **Гимназиско образование** општествено-хуманистичко подрачје комбинација А/Природно математичко подрачје комбинација **Б/комбинирана паралелка** | IV | IV-3 | 23 |
| **Гимназиско образование** општествено-хуманистичко подрачје комбинација А | IV | IV-4 | 20 |
| **Стручно образование** Текстилно-кожарска струка техничар за изработка на облека- | IV | IV-5 | 11 |
| **Стручно образование** Хемиско-технолошка струка/прехранбен техничар/дуална паралелка | IV | IV-6 | 18 |
| ВКУПНО<br><br>СЕ ВКУПНО ЗА УЧИЛИШТЕТО | 6<br><br>23 | | ВКУПНО 104<br><br>324 |

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

Број 09- 963 / 1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2024 год. Претседател,
Д е л ч е в о Гоце Попов,с.р.

18. Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ бр.5/2002) и Барање УП бр.21-187 од 28.06. 2024 година, Советот на Општина Делчево на продолжението на 36. седница, одржана на ден 01.07.2024 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за парична помош по барање**
**бр.21-187 од 28.06. 2024**

Член 1

Се одобрува парична помош во износ од 30.000 денари по барање УП бр.21-187 од 28.06. 2024.

Член 2

Средствата ќе бидат наменети за надомест на штета настаната од пожар.

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општината за 2024 година на име **Гоце Вучковски**,на трансакциска сметка 300057121069327 Комерцијална банка АД Скопје.

Член 3

Се задолжува Одделението за буџетска контрола, сметководство и администрирање на даноци при Општина Делчево да ја спроведе одлуката по нејзиното стапување во сила.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Делчево.

Бр. 09 – 964 /1 СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
01.07.2024 година Претседател,
Делчево Гоце Попов,с.р.